Република Македонија
Агенција за катастар за недвижности

[redacted]

Бр. 0401- 45453/10
Дата: 20-12-2018
Скопје

Република Македонија
Агенција за катастар на недвижности

Трифун Хаџи Јанев бр.4
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3204 800
Факс: (02) 3171 668
Е-пошта: info@katastar.gov.mk
Сајт: www.katastar.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за Административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), член 6 став 2 и 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 1/2018**
**за унапредување на административен службеник**

1. Кандидатот, **ЗЛАТКО ФАРМАКОВСКИ**, по пат на Интерен оглас број 1/2018 се избира за работно место УПР 01 01 Б04 000 Раководител на Одделение за катастар на недвижности Струга, во Одделение за катастар на недвижности Струга-Сектор за катастар на недвижности за југозападен регион -1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас број 1/2018, со архивски број 0401-45453/1 од 05.12.2018 година.

3. За именуваниот, ќе се донесе соодветно решение за унапредување по конечноста на оваа одлука.

4. Оваа Одлука се објавува на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за катастар на недвижности.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во членовите 48, 49, 50, 51, 52 и 53 од Законот за Административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), е предвидена постапката за унапредување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас, при што е утврдено дека во рок од три дена од добивањето на предлогот, раководното лице на институцијата е должно да донесе одлука за избор. Во член 6 став 2 и 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18), е утврдено дека унапредувањето во јавниот сектор се врши преку објавување на интерен оглас,

Република Македонија
Агенција за катастар за недвижности

[redacted]

при што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција, во која врз основа на оценката за учинокот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените во институцијата.

Постапката на селекција се состои од проверка на поднесените докази за исполнување на условите за работното место, полагање на квалификациски тестови во хартиена или во електронска форма, организирање на интервјуа и/или други форми на проверка на кандидатите.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.1/2018 на веб страната на Агенцијата за катастар на недвижности на горенаведеното работно место, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник (формирана со Решение бр.0401-45453/3 од 14.12.2018 година), спроведе постапка-административна селекција со кандидатот, утврдена со записник за спроведено интервју, со финална ранг листа на кандидати со предлог-одлука за избор на прворангиран кандидат бр.0401-45453/6 од 18.12.2018 година, која ја достави до директорот на Агенцијата за катастар на недвижности.

Врз основа на горенаведеното, Директорот на Агенцијата за катастар на недвижности по разгледување на приложената финална ранг листа одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран може да поднесе жалба преку Агенцијата за катастар на недвижности до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за катастар на недвижности.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-Именуваниот/ата
-Сектор за управување со човечки ресурси
-архива

**СЕКТОР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**
Изготвил: Петар Сибиноски, пом.раководител на сектор
Контролирал: Софија Христова в.д. раководител на сектор
Одобрил: Нада Велкоска државен советник

Директор

м-р Борис Тунџев